Врз основа на член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21), член 14 став 1 од Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и

структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Службен весник на Република Македонија“ бр. 128/23) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**Одлука**
**за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности за 2024 година**

**Член 1**

Да се ажурира Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности.

**Член 2**

Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности, ја ажурира Регионалниот центар за управување со кризи – Струмица, согласно член 5 став 2 алинеја 6 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21).

**Член 3**

Регионалниот центар за управување со кризи Струмица да ги координира активностите за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности и да изготви ажурирана Процена на загрозеност за подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности.

**Член 4**

Ажурираната Процена на загрозеност за подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности да се достави до Градоначалникот на општина Струмица

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1793/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**40.**

Врз основа на член член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02) и член 23 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**Одлука**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Работното време на угостителските објекти за сместување (хотели, мотели, пансиони, туристички населби, ноќевалишта и одмаралишта) на подрачјето на Општина Струмица утврдено во член 23 во Законот за угостителска дејност, се продолжува за 2 часа, за периодот на карневалските празнувања во Општина Струмица, односно во периодот од 15-17 Март 2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1789/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**41.**

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21 и 58/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 ,8/18 и 16/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за определување на места за истакнување плакати за Парламентарните и Претседателските избори 2024 година, во Општина Струмица**

**Член 1**

За истакнување плакати за Парламентарните и Претседателските избори 2024 година, закажани за 24 април 2024 година и 8 мај 2024 година, се определуваат следните места:

- На раскрсницата на бул. „Гоце Делчев“ со ул. “Балканска” ;
- На ул. „Ленинова” на просторот од Дом на пензионерите до раскрсницата со ул. „Цветан Димов”; и
- На ул. „Климент Охридски” од пресекот со ул. „Братство Единство” до зградата на новата автобуска станица”.

**Член 2**

Плакати во населените места можат да се поставуваат на објектите во сопственост на Општина Струмица.

**Член 3**

Плакати можат да се истакнуваат и на станбени и други приватни објекти со претходна согласност од сопственикот на објектот, како и со закуп на простор на рекламни паноа и билборди согласно Изборниот законик.

**Член 4**

Не е дозволено истакнување на плакати од кампањата на објекти, каде што се наоѓа гласачкото место, или просторијата каде што се спроведува гласањето.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”

Бр.08-1794/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**42.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 ,8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на приоритет и сопствено учество на проект „Санација - покривање на кров, замена на фасадна столарија и изработка на термо фасада на објект Клон 6 на Детска градинка Детска радост Струмица“ Општина Струмица**

Член 1

Се утврдува приоритет и сопствено учество на проект за **„Санација - покривање на кров, замена на фасадна столарија и изработка на термо фасада на објект Клон 6 на Детска градинка Детска радост Струмица“ Општина Струмица**

Член 2

Со утврдениот приоритет и сопствено учество на Проект за **„Санација - покривање на кров, замена на фасадна столарија и изработка на термо фасада на објект Клон 6 на Детска градинка Детска радост Струмица“ Општина Струмица** кој ќе се аплицира на Отворен Јавен повик за финансирање на Предлог проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година, по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој објавен врз основа на член 58 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2021 и 174/21), од страна на Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија.

Член 3

Носител на проектот е Општина Струмица, дел од средствата (**10%**) за реализација на овој проект се **сопствено учество** и се предвидени во Буџетот на Општина Струмица за 2024, со износ од **899.332,00 денари со ДДВ.**

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-1795/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**43.**

Врз основа на член 12 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија бр. 66/04 139/07, 99/09, 14914, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе:

**Одлука**
**за спроведување на превентивна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на подрачјето на општина Струмица за 2024 година**

Член 1
Се одобрува спроведување на превентивна, дезинфекција, дератизација и дезинсекција за спречување на вектор-преносливите заболувања на подрачјето на општина Струмица за 2024 година, како посебни мерки за заштита на населенито од заразни болести.

Член 2
Финансирањето на превентивната дезинфекција, дератизација и дезинсекција, ќе се реализира преку Буџетот на општина Струмица за 2024 година - Програма Ј4 – Јавна чистота.

Член 3
Превентивната дезинфекција и дератизација ќе се реализираат преку Програмата Ј4 – Јавна чистота, во соработка со ЈПКД „Комуналец“ Струмица

Член 4
Превентивната дезинсекција ќе се релизира преку јавна набавка со избор на фирма која ги исполнува законските и други услови за нејзино спроведување.

Член 5
Се задолжува Градоначалникот на општина Струмица, да оствари соработка со градоначалниците од соседните општини, за координирано спроведување на дезинсекционни постапки на подрачјето, со цел да се остварат подобри ефекти при третирањето, а со тоа и намалување на популацијата на комарците во Струмичкиот микро – регион.

Член 6
Се препорачува на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Струмица да спроведе постапка за утврдување на ефектите одделно од секое третирање против комарци и за тоа да го извести Градоначалникот и Советот на општина Струмица.

Член 7
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1796/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**44.**

Врз основа на член 348 од Законот за безбедност на сообраќајот на патишта („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24), Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09...168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), Законот за јавните патишта „Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08....163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21 и 253/23), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**Одлука**
**за утврдување на промена на режимот на сообраќај на туристички воз во Општина Струмица**

**Член 1**
Со оваа Одлука се утврдува промена на режимот на сообраќај на туристичкиот воз низ ул„Благој Јанков Мучето“ (градски плоштад) и градскиот парк во Струмица, како и утврдување на возен ред.

**Член 2**
Режимот на сообраќај на туристичкиот воз низ ул„Благој Јанков Мучето“ (градски плоштад) и градскиот парк во Струмица, како и

утврдување на возен ред ќе биде уреден врз основа на Основен сообраќаен проект за утврдување на режим на сообраќај за туристички воз во Струмица, изработен од МС СТОП ПРОЕКТ ДООЕЛ Струмица, со технички број 015-002/24 од Февруари 2024 година и Извештај за извршена ревизија изработена од ПЕОЛЕО ДООЕЛ – Скопје со технички број 05-03/24 од 2024 година.

**Член 3**

Регулирањето на сообраќајот на на туристичкиот воз низ ул„Благој Јанков Мучето" (градски плоштад) и градскиот парк во Струмица, како и утврдување на возен ред ќе биде со хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација согласно Правилникот за сообраќајните знаци, опрема и сигнализација на патот („Службен весник на Република Македонија" бр. 174/2020) и тоа:

1. Хоризонтална сигнализација:подолжна линија, средна линија, разделна линија, линија за водење и останати линии, рабни линии, ликови и шрафура.
2. Вертикална сигнализација:

- два броја знак пешачка патека (251);
- единаесет броја знак комбинирана пешачко – велосипедска патека (253);
-тринаесет броја знак туристички воз (542);
-десет броја знак информативна табла за возен ред (621);

**Член 4**

За застанувањата на туристичкиот воз се предвидени 10 стојалишта на кои е предвидено застанувањето да биде по 15 секунди. На секое стојалиште ќе биде истакнат возниот ред.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-1797/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 45.

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и "Службен весник на РСМ" бр.257/20) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Струмица во 2024 година**

I.Вовед

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болестие во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и "Службен весник на РСМ" бр.257/20) каде е уредено дека Советите на општините по претходно мислење на надлежниот центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан донесуваат програми за спроведување на општите мерки за заштитата на населението од заразни болести на своето подрачје.

Заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Р.С.Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки, а по потреба и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. Во овие мерки вклучуваат:

1.Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2.Отстранување на отпадните води и цврстите материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;
3.Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти (училишни

и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);
4.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
5.Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здрављетона населението;
6.Одржување на комуналната хигиена.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат восогласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести-поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување на заразни болести;
4. Епидемолошки испитувања;
5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;
6. Карантин и здравствен надзор;
7. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица ибацилоносители одредени со закон;
8. Имунизација и хемиопрофилакса;
9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисија за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

II.Активности

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и другите заболувања на територијата на Општина Струмица.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Струмица, во соработка со ЈЗУЦентар за јавно здравје Струмица.

За заштита на населението од заразни болести во Општина Струмица, во 2023 година, ќе сеспроведат следниве општи мерки:

1. Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи;
3. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштитана човековата околина од загадување;
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено-технички мерки во населени места и други јавни површини;
5. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здрављето на населението;
6. Одржување на комуналната хигиена.

**1.1** <u>Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата</u>

Општина Струмица и во 2024 година генерално ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравстено исправана вода за пиење.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од системите за водоснабдување и информирање на корисниците за квалитетот на водата го врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица, најмалку еднаш месечно.

Периодичните анализи се вршат двапати годишно во ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје.

**2.1** Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања се вршат и редовни контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Врз основа на теренските увиди, сите училишта и градинки добиваат извештај за утврдената состојба, со предлог мерки за подобрување доколку е потребно.

**3.1** Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води

Отстранувањето на цврстиот отпад во Општина Струмица се спроведува во градот Струмица и во населените места Свидовица, Сачево, Рич, Чепели, Раборци, Просениково, Попчево, Орманли, Муртино, Мемешли, Куклиш, Костурино, Злешево, Дорломбос, Добрејци, Дабиље, Градско Балдовци, Габрово, Водоча, Вељуса, Белотино, Банско и Банциа го врши Јавното комуналнопретпријатие „Комуналец “.

Општина Струмица во 2024 година ќе продолжи со пренесување на надлежностите иотстранувањето и депонирањето на цврстиот отпад ќе го пренесе на Јавното комунално претпријатие. Со овие мерки општината паралелно ќе продолжи со постепеното елиминирање и на дивите депонии.

Заради заштита од заразни болести:

- ќе се врши редовна дезинфекција на садовите за складирање на отпадот;

- инцидентно ќе се превземаат хитни интервенции со специјално возило при затнување на канализационната мрежа во општина Струмица.

**4.1** Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и на други јавни површини

Заради поголема ефикасност, Општина Струмица и оваа година планира превентивната дезинсекција да ја спроведе како заедничка активност на општините од Југоисточниот плански регион. Притоа ларвицидната дезинсекција ќе се извршува според претходно утврдена динамика, а адултицидна дезинсекција ќе се изведува во неколку наврати според оперативен план, усогласен со акционниот план на Центарот за јавно здравје. Во функција на тоа општината веќе има извршено евидентирање (мапирање) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита и други лежишта накомарци.

Дератизација со поставување на мамци во шахти од фекална канализација ќе се реализира во месец Мај. Носител на оваа активност ќе биде Јавното претпријатие „Комуналец “ Струмица.

Дератизација и дезинфекција во другите јавни установи под надлежност на општината ќе врши секоја од јавните установи индивидуално.

**5.1** Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

Здравствената едукација на населението ќе се реализира во соработка со Центарот за јавноздравје Струмица. Притоа населението редовно ќе се информира за вектор преносливите заразни заболувања преку учество на локалните медиуми, изработка на информативно-едукативни летоци, брошури и флаери. Непосредната комуникација на терен со месното население ќе биде важен

сегмент со цел подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита исправување.

**6.1** Одржување на комуналната хигиена

Одржувањето на комуналната хигиена ќе се врши согласно Програмата на Советот на Општина Струмица за одржување на јавната чистота.

II. Начин на финансирање

Финансирањето на превентивната дезинсекција, дезинфекција и дератизација, ќе се реализира преку Буџетот на општина Струмица за 2024 година - Програма Ј4 – Јавна чистота или ќе се релизира преку јавна набавка со избор на фирма која ги исполнува законските и други услови за нејзино спроведување.

III. Завршни одредби

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“

Бр.08-1798/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 46.

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2024 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2024 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.19/23 и 1/24 ), се вршат следните дополнувања:

Во глава:

**II. Детални урбанистички планови во градот самофинансирање;**

Во табелата по реден број 50 се додава:

| Р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 51. | **Измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план за блок број 3 и 5, Општина Струмица** | Самофинансирање |
| 52. | **ДУП за дел од Блок 8, општина Струмица, плански опфат помеѓу улиците Гоце Делчев, булевар Климент Охридски и граница на зона со намена КО од ГУП за град Струмица(граница на КП 107/1)** | Самофинансирање |
| 53. | **Измена и дополна на ДУП за дел од Блок 6, општина Струмица** | Самофинансирање |

Во глава:

**VI. Урбанистички проект**

Во табелата по реден број 11 се додава:

| Р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 12. | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање градежна парцела со намена Г2.4 – Текстилна индустрија за конфекционирање на облека на КП 1089 и КП 1090, КО Дабиља, општина Струмица** | Самофинансирање |
| 13. | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични** | Самофинансирање |

| | | |
|---|---|---|
| | **електрани на опфат на КП 1664 и други КО ДОБРЕЈЦИ-ВОНГРАД и КП 2400 и други КО ДАБИЉЕ , Општина Струмица** (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со инсталирана моќност до 10 MW ) | |
| 14. | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП384/1, КП384/2, КО ВОДОЧА, Општина Струмица** | Самофинансирање |

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1799/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 47.

Врз основа на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23)**,** член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19), „Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост” („Сл. весник на РМ” бр. 193/16, 72/18 и и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 16/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2024 година**

**I.**Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2024 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 19/23) се врши следното дополнување:

**Во глава V. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште по населби и зони** по точка 15.3 се додава точка 15.4 која гласи:

„За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 12 од член 1 од Правилникот за изменување и дополнувањена правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/16, 72/18 и 16/22).“

**II.**Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1800/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 48.

Врз основа на член 20 став 1 точка 39 и член 25 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на

седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**Решение**
**за разрешување и избор на член на Комисија за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита**

1.Од функцијата член на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита, се разрешува Абдуљ Амедов.

2.За член на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита, се избира членот на Советот:

- Мери Туџарова.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1801/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**49.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 8/18,16/19 и 29/19) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата на Општина Струмица за работа со облиците на месната самоуправа за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програматана Општина Струмица за работа со облиците на месната самоуправа за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1802/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**50.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2023 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1803/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**51.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за областа на социјалната и детската заштита во 2023 година**

1. Се усвојува Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за областа на социјалната и детската заштита во 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1804/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**52.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1805/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**53.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активности во областа на заштитата на животната средина и штетно дејство на водите на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активности во областа на заштитата на животната средина и штетно дејство на водите на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1806/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**54.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица поврзани со спроведување на проекти финансирани од фондовите на Европската Унија за 2023 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица поврзани со спроведување на проекти финансирани од фондовите на Европската Унија за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1807/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**55.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19),

Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1808/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**56.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1809/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**57.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистички планови во Општина Струмица за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за урбанистички планови во Општина Струмица за 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1810/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**58.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2023 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1811/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**59.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2023 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1812/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**60.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на образованието во 2023 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на образованието во 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1813/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**61.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за работата на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1814/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**62.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица за 2023 година**

1. Се усвојува Годишна сметка со финансов извештај на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1815/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 63.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица за 2023 година**

1. Се усвојува Годишната сметка со финансов извештај на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица за 2023 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1816/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 64.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работа на Општиската јавна установа – Отворен граѓански универзитет „Јоска Свештарот“ за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за работа на Општинска јавна установа – Отворен граѓански универзитет „Јоска Свештарот“ Струмица за 2023 година бр.01-36/4 од 28.02.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица” .

Бр.08-1817/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 65.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**Заклучок**
**за усвојување на Извештајот за работа на Дом за деца и млади„Благој Мучето“ Струмица, со финансиски извештај и завршна сметка за 2023 година**

1. Се усвојува Извештајот за работа на Дом за деца и млади„Благој Мучето“ Струмица, со финансиски извештај и завршна сметка за 2023 година бр.01-21/1 од 04.03.2024 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1818/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 66.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работата на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица, со финансиски извештај и завршна сметка за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за работата на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица, со финансиски извештај и завршна сметка за 2023 година бр.01-40/1 од 05.03.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1819/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**67.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работата на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за периодот од 01.01 2023 до 31.12.2023 година**

1.Се дава согласност на Извештајот за работата на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за периодот од 01.01 2023 до 31.12.2023 година, бр. 01-86/1 од 26.02.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1820/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**68.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе:

**Заклучок**
**за давање согласност на Годишната сметка на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за 2023 година**

1. Се дава согласност на Годишната сметка на ЈПЕД „Струмица -Гас“ Струмица за 2023 година, усвоена од Управниот одбор со Одлука број 01-87/1 од 26.02.2024 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1821/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**69.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе:

**Заклучок**
**за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба по годишна сметка за 2023 година на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица**

1. Се дава согласност на Одлуката за покривање на загуба по годишна сметка за 2023 година на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица, усвоена од Управниот одбор на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица со Одлука број 02-85/5 од 26.02.2024 година

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1822/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**70.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈП „Паркиралишта - Струмица" Струмица за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година**

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈП „Паркиралишта - Струмица" Струмица за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, бр. 01-283/1 од 27.02.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-1823/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**71.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.03.2024 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Годишната сметка на ЈП "Паркиралишта-Струмица" Струмица за 2023 година**

1.Се дава согласност на Годишната сметка на ЈП "Паркиралишта-Струмица" Струмица за 2023 година, бр. 05-284/1 од 27.02.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-1824/1 Совет на општина Струмица
15.03.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**72.**

